*Организацијата за колективно управување на правата на производувачите на фонограми и уметниците музички изведувачи ММИ Скопје го објавува следното:*

# СООПШТЕНИЕ

**Тарифата на ММИ која е објавена во Сл.весник на РМ бр. 142 од 13.11.2012 година е општ акт на Организацијата кој истата, согласно со Законот предвидената обврска, задолжително мораше да го донесе во рок од шест месеци по добивањето на дозволата за работа. Овој акт се состои од два дела, а тоа е Правилник за висината на надоместоците и Тарифа за висината на надоместоците кои претставуваат единствен акт, па следствено, истите мора да се читаат и применуваат како целина. Правилникот ги содржи основите и правилата за утврдување на висината на надоместоците за ЈАВНО СООПШТУВАЊЕ фонограми со изведби издадени за комерцијална цел и изведби што самите по себе се радиодифузни или се направени од снимка, а Тарифата ги содржи тарифните броеви кои се утврдени врз основа на категоријата на корисникот. ОСНОВОТ за наплата на надоместоците претставува ЈАВНОТО СООПШТУВАЊЕ МУЗИКА, што значи дека НЕ сите категории корисници наведени во тарифата треба да го плаќаат овој надоместок, туку само тие кои во рамките на обавувањето на својата дејност ЈАВНО СООПШТУВААТ музика. Законот за авторското и сродните права дефинирал што се смета за ЈАВНОСТ (*достапност на авторското дело, односно на предметите на сродните права, под еднакви услови, на поголем број лица надвор од потесниот круг на роднини или лични познанства*) како и ЈАВНО СООПШТУВАЊЕ (*јавно пренесување, радиодифузно емитување, радиодифузно реемитување и кабелско реемитување*) и ЈАВНО ПРЕНЕСУВАЊЕ ( *јавно соопштување преку звучник, екран и кое било друго техничко средство*).**

**Влегувањето на правилникот во сила не значи дека ММИ веднаш ќе почне да испоставува фактури, ниту пак дека ќе наплатува согласно со него утврдената висина на надоместокот за соодветното користење. ЗАКОНСКА ОБВРСКА на организацијата е висината на надоместоците да ги утврдува ПРВЕНСТВЕНО со договор со корисникот (општи и посебни договори). Респективно на ова ММИ има намера да започне преговори со сите корисници заради утврдување на висината на надоместокот. Со таа цел ги повикуваме СИТЕ КОРИСНИЦИ кои јавно соопштуваат музика, да се јават лично во ММИ, или преку организацијата или комората која ги застапува нивните интереси, во врска започнување на преговори за постигнување на ДОГОВОР за утврдување на висината на надоместокот за јавно соопштувањена фонограми и изведби. При утврдувањето на висината на нанадоместокот ќе бидат земени во обзир сите релевантни фактори кои ќе бидат изнесени од страна на корисникот и договорениот надоместок секако ќе биде понизок од оној утврден во Тарифата.**

**За подетални информации сите корисници можата да се обратат на следната е-маил адреса: info@mmi.mk**